**ПРОЕКТНА ЗАДАЧА (ToR) 13-03/2023**
**За ангажирање на ментор за поддршка при развој на идеи за развој на заедницата- Куманово (А 3.2- 6.6)**

**1. Вовед**
**1.1 Позадина на задачата**

Проектот „***Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)***“, има за цел да препознае, превенира, спречи и да се бори против насилниот екстремизам кој може да доведе до тероризам кај младите во општеството. Младите се едни од најранливата категорија на група во земјата, со многу висока стапка на невработеност, што доведува до понизок квалитет на живот и до нивно високо ниво на емиграција. Исто така, тие може да бидат полесни мети на „радикални влијанија“, особено во заедниците каде што недостасува ефикасен систем кој навремено ќе ги детектира заканите од радикализацијата. Граѓанските организации во земјава од друга страна, немаат доволни капацитети да ја одиграат општествената улога за превенција на насилен екстремизам, особено кога станува збор за младата популација.
Имајќи во предвид дека сме земја која ги чувствува светските трендови од засилени опасности од екстремизот кој води до тероризам, овој проектот преку спроведувањето на проектните активности треба да придонесе за зацврстување на капацитетите покрај на младинските организации и на сите засегнати страни за градење на отпорност кај младите за борба против радикализацијата која може да води до насилен екстремизам, а со тоа да покаже резултати и да го заштити целото општество од вакви појави и несакани дејствија.

1.2 **Специфични цели на проектот се**:

- истражување во полето на конкретната тема;
- подобрување на капацитетите на младинските граѓански организации за рана идентификација
  на радикализација која може да води до насилен екстремизам кај младите и нејзино превенирање;
- подигнување на свеста и градење на отпорност кај младото население за превенција од насилниот екстремизам.

**2. Рамка на задачата**
**2.1 Цел на задачата**

Во рамки на проектот “Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)”, а во рамки на А 3.2, предвидено е селекција 1 ментор на територијата на Куманови, кој ќе менторира 2 младински групи во процесот на креирање на иницијативи за развој на заедницата и подобрување на животот во локалната заедница во насока на

интеркултурна соработка, социо-економски развој и медиумска писменост. Ангажманот на менторот е предвиден да ја поддржи групата во Куманово и самостојно да ги спроведува активностите на локално ниво. Планиран период за започнување е месец јуни 2023.

**2.2 Очекувани резултати**

- ✓ Подготвена менторска програма заедно со план за спроведување;
- ✓ Спроведени 16 менторски денови со 2 младински групи
- ✓ Подготвени 2/3 иницијативи/проекти
- ✓ Доставен финален извештај за работата.

**2.3 Временска рамка за реализирање на задачата:**

Временската рамка за извршување на задачата е од јуни до ноември 2023година.

**2.4 Спроведување на задачата**

Предвидени се 16 менторски денови со членовите на групата на територијата на Куманово. Менторот во консултација со проектиниот тим и избраните млади заеднички одлучуваат кога и со која динамика ќе се организираат состаноците. Дополнително менторот анагажиран на територијата на Куманово може да комуницира/се консултира/координира со избраните ментори за Струга и Скопје. По завршувањето на менторството на младинските групи, ќе следи настан за презентација на готовите проекти/иницијативи, ќе бидат одберени најдобрите иницијативи/проекти и ќе бидат наградени. Изборот ќе се врши од страна на претходно формирана комисија за оценување, која ќе се состои од претставници на проектниот тим, претставници од членовите на УО на платформата како и соработници на проектот од општините и училиштата со кои што Платформата има потпишано меморандум за соработка. Изборот ќе се заснова на квалитетот на идејата, учеството на младите, оправданоста на средствата, неопходноста на проектот во заедницата, одрживоста и влијанието. Менторската програма треба да вклучува пренесување на знаење, поддршка, насоки и совети за младите при креирање на иницијативи кои треба да придонесат за развој и подобрување на заедницата во која што живеат.

**3. Потребно искуство за ментор:**

- Високо образование
- најмалку 5 искуство во менторство, едукација и тренинг
- Искуство во користење на методи на неформална едукација
- Искуство во темите на кои младинските групи ќе работат ( социо-економска соработка, медиумска писменост и иновации, интеркултурна соработка итн.)
- Лидерски и технички способности
- Способност да идентификува цели
- Фокусиран на раст
- Покажува позитивно однесување
- Одлично користење на англиски јазик

### 3.1 Специфично искуство

Минимум две години искуство во работа со млади со посебен фокус на менторирање на индивидуи и тимови со млади;

### 4. Известување

Менторот е потребно да достави финален извештај од работата како и тајмшит за временското ангажирање и работата по денови.

### 5. Крајниот рок за извршување на оваа задача е ноември 2023година.

Бр. 13-03/2023

Куманово,

Нами Исаки

Извршен директор

Центар за интеркултурен дијалог

This project is funded by the European Union